РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.61/04,96/04, 67/07 и 156/09 и 47/11),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден ___.03. 2020 година го усвои,

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2021 ГОДИНА

Февруари 2022

1.Вовед

Општина Велес се наоѓа во централниот дел на Република Македонија на површина од 464,5 километра квадратни со 28 населени места и градот Велес , со 14 урбани и 19 месни заедници.

На територијата на Општина Велес живеат 55.108 илјади жители во 16.959 домаќинства со 20.717 станови (сите видови живеалишта).Од вкупниот број на жители 27.632 се мажи а 27.476 се жени.

Од вкупниот број на жители 46.767 се изјаснети како Македонци или 84,86 %, 2.406 се изјаснети како Бошњаци, 2.299 се изјаснети како Албанци, 1.724 се изјаснети како Турци итн.

Според школската подготовка структурата на целокупното население е следната и тоа со ССС има 20.491, со ВШС 1.553 , со ВСС 2.770 , со Магистратура 40 и со Докторат 7 лица.

.(Агенција за вработување на Р.Македонија)

П Р Е Г Л Е Д на невработени лица со состојба на 31.12.2020 година

Полова структура на лица кои барат работа			
Центар	**Маж**	**Жена**	**Вкупно**
Велес	**5458**	**2681**	**2777**

На територијата на општина Велес, согласно податоците од Државен завод за статистика со 31.12.2020 година, има вкупно 5458 невработени лица со следната структура по образование и полова структура:

Возраст невработ	од 15-19 год.	од 20-24 год.	од 25-29 год.	од 30 - 34 год.	од 35-39 год.	од 40-44 год.	од 45-49 gод.	од 50-54 год.	од 55-59 год.	60 год. И повеќе	Вкупно
сосотојба 31.12.2020	117	513	560	579	537	518	485	551	889	709	5458



Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години,

Велес	состојба 31 декември 2020				
	Вкупно	Микро	Мали	Средни	Големи
	1 743	1 218	493	24	8

На територијата на општината постојат 1.793 активни деловни субјекти во во 2019 и 2020 година распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности :

Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември	2019	2020
Земјоделство, шумарство и рибарство	92	86
Рударство и вадење на камен	11	10
Преработувачка индустрија	229	219
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	1	-
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината	6	6
Градежништво	89	90

Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	603	579
Транспорт и складирање	169	163
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	90	83
Информации и комуникации	31	27
Финансиски дејности и дејности на осигурување	7	6
Дејности во врска со недвижен имот	9	8
Стручни, научни и технички дејности	186	183
Административни и помошни услужни дејности	32	30
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	4	4
Образование	30	32
Дејности на здравствена и социјална заштита	81	83
Уметност, забава и рекреација	38	38
Други услужни дејности	122	96
Вкупно	**1830**	**1743**



Извор: Државен завод за статистика (2020)

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Велес ги презеде основачките права на 8 основни, 4 средни и едно музичко училиште, народен музеј, матична библиотека, детска градинка и територијалната противпожарна единица како установи основани од општината кој се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.09.2007 година Општина Велес премина во втората фаза на децентрализација при што се превзеде целосно финансирањето на локалните установи за материјалните трошоци и платите на вработените лица.

Во текот на 2008 на 74 седница одржана на ден 24.10. превземени се оснивачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ но средствата за финансирање на домот сеуште не се трансферираат преку општина Велес.

Капиталните инвестиции за превземените надлежности и понатаму се надлежност на централната власт на Република Македонија.

2. Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата, Советот на Општина Велес за тековната 2021 година донесе буџет во транспаретна постапка во две фази како нацрт и предлог во износ од **1.226.142.434** денари по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

Планирани приходи

Табела 1
во ден

Планирани приходи по видови	2020 год.	2021 год.	сооднос 2021/2020 %
Даночни приходи	167.231.221	187.603.401	112,18
Неданочни приходи	95.005.703	114.157.166	120,16
Капитални приходи	54.046.867	84.319.082	156,01
Трансфери	183.533.043	130.117.344	70,90
Блок дотации	572.567.393	627.508.571	109,60
Донации	48.030.554	36.433.750	75,86
Кредити	0	46.003.120	0,00
Вкупно планирани приходи	1.120.414.781	1.226.142.434	109,44

Вкупно планирани дијаграми



Од погоре дадената табела се забележува дека Вкупно планираните приходи во 2021 година се **1.226.142.434** во однос на 2020година бележат пораст од **9,44 %.**

Порастот на вкупните приходи се должи пред се на зголемувањето на планираните капитални приходи од 56,01 %, Даночните за 12,18% и зголемувањето на блок дотациите за 9,60%.

Планирани расходи

Табела 2

во денари

Планирани расходи по видови	2020	2021 год.	сооднос 2020/2019 %
Плати,наемнини и Надоместоци	487.834.311	482.574.635	98,92
Резерви и недефинирани Расходи	2.796.552	2.800.000	100,12
Стоки и услуги	324.706.510	298.969.983	92,07
Каматни плаќања	10.000	10.000	100,00
Субвенции и Трансфери	68.164.804	78.758.299	115,54
Капитални расходи	227.955.046	354.181.959	155,37
Социјални бенефициии	650.000	550.000	84,62
Отплата на главница	8.297.558	8.297.558	100,00
Вкупно планирани расходи	1.120.414.781	1.226.142.434	109,44

Вкупно планирани расходи



И кај вкупно планираните расходи во 2021 година споредено со планираните расходи за 2020 година се забележува пораст од **9,44%** што е ист со порастот на планираните приходи а што е одраз на принципот на буџетска рамнотежа меѓу планираните приходи и расходи.

Кај дел од планираните расходи се бележи зголемување во однос на претходната година односно има зголемувањето кај Субвенциите и трансфери 15%,како и кај планираните капитални расходити **55,37**

Врз основа на усвоените програми кој се составен дел на буџетот на Општина Велес е реализирано извршувањето на буџетот како следува:

Табела 3

Вкупно реализирани приходи во денари

Вид на приход	2020 год.	2021 год.	сооднос 2021/2020 %
Даночни приходи	126.529.896	143.900.042	113,73
Неданочни приходи	18.513.868	29.990.820	161,99
Капитални приходи	14.495.852	16.836.465	116,15
Трансфери	51.025.718	104.919.159	205,62
Блок дотации	503.910.421	499.124.711	99,05
Донации	12.113.892	29.036.099	239,69
Кредити	0	5.024.806	0,00
Депозити	45.808.901	44.724.802	60,12
Вкупно реализирани приходи	772.398.548	873.556.904	113,09



Реализирани приходи по видови



Од погоре дадената табела 3 може да се забележи дека вкупно реализираните приходи во општина Велес за 2020 година изнесуваат 856.370.973,00 денари. Или за **10,87 %** се поголеми во однос на претходната година.

Табела 4
во денари

Споредба реализирани со планирани приходи

Планирани и реализирани приходи по видови	планирани 2021год.	реализирани 2021 год	% на остварување
Даночни приходи	**187.603.401**	**143.900.042**	**76,70**
Неданочни приходи	**114.157.166**	**29.990.820**	**26,27**
Капитални приходи	**84.319.082**	**16.836.465**	**19,97**
Трансфери	**130.117.344**	**104.919.159**	**80,63**
Блок дотации	**627.508.571**	**499.124.711**	**79,54**
Донации	**36.433.750**	**29.036.099**	**79,70**
Кредити	**46.003.120**	**5.024.806**	**10,92**
Депозити	**0**	**44.724.802**	**0,00**
Вкупно планирани и реализирани приходи	**1.226.142.434**	**873.556.904**	**71,24**



Соодносот помеѓу планираните и реализираните приходи покажува **69,84%** реализација во однос на планираното.

Табела 5

Вкупно реализирани расходи во денари

Остварени расходи по видови	2020 год.	2021 год.	соодносс 2021/2020 %
Плати,наемнини и надоместоци	428.710.960	447.616.680	104,41
Резерви и недефинирани расходи	1.644.066	637.723	38,79
Стоки и услуги	124.845.788	148.625.556	119,05
Субвенции и Трансфери	53.609.737	65.552.830	122,28
Капитални расходи	89.827.615	185.138.157	206,10
Социјални бенефициии	513.000	500.000	97,47
Каматни плаќања	3.730	2.469	66,19
Отплата на главница	8.297.558	8.297.558	100,00
Вкупно остварени расходи	707.452.454	856.370.973	121,05



Вкупно реализирани расходи 2020-2021

Од погоре дадената табела 5 може да се забележи дека вкупно реализираните расходи во општина Велес за 2021 година изнесуваат **856.370.973,00**, денари .или изразено во проценти **21,05 %** повеќе во однос на **2020год.**

Табела 6
во денари

Споредба реализирани со планирани расходи

Планирани и реализирани расходи по видови	2020 год.	2021 год.	сооднос 2021/2020 %
Плати,наемнини и Надоместоци	482.574.635	447.616.680	92,76
Резерви и недефинирани Расходи	2.800.000	637.723	22,78
Стоки и услуги	298.969.983	148.625.556	49,71
Субвенции и Трансфери	78.758.299	65.552.830	83,23

Капитални расходи	**354.181.959**	**185.138.157**	**52,27**
Социјални бенефициии	**550.000**	**500.000**	**90,91**
Каматни плаќања	**10.000**	**2.469**	**24,69**
Отплата на главница	**8.297.558**	**8.297.558**	**100,00**
Вкупно планирани и реализирани расходи	**1.226.142.434**	**856.370.973**	**69,84**



<u>Односот на планот со реализацијата на расходите е 69,84%.</u>

<u>Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства</u>

Салдото на сметката на буџетот на општината на 31.12.2021 година изнесува **9.631.575,00** ден. Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година и се еднакви на вкупно остварената добивка во билансот на успех на буџетот на општината.

Во билансот на состојба со 31.12.2021 год. на име побарувања е искажан износ од **116.860.400,00** денари кој произлегува од:

<u>Кумулирани побарувања по разни основи</u>	Сума	Учество во %
Побарувања од граѓани – данок на имот	28.354.817	24,26
Побарувања од склучени договори за комуналии	598.111	0,51
Побарувања од данок на промет на недвижности	1.547.934	1,32
Побарувања од данок на наследство и подарок	1.409.162	1,21
Побарувања од фирми за регистрирана фирма	73.997.309	63,32
Побарувања – такса за користење на музика во локали	109.685	0,09

Побарувања од фирми за користење на ЈПП	3.391.637	2,90
Други побарувања	7.451.745	6,38
Вкупно	**116.860.400**	**100,00**



Вкупните обврски на Општина Велес на 31.12.2021 година изнесуваат **51.435.624,00** денари од кои :

- Вкалкулирани плати спрема вработените за декември 2021 - **3.721.447,00**
- Тековни обврски спрема добавувачи - **47.714.177,00 ден.**

Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода, извршени градежни работи и сл. за 2021 година.

Заклучно со 31.12 2021 година вредноста на постојаните средства на Општина Велес изнесуваат 1.200.754.067,00 денари со следната структура:

Р.бр	Постојани средства на Општина Велес	Вредност 2020	Вредност 2021	Сооднос 2020/2019 %
1	Нематеријални средства	6.914.499	9.730.586	**140,73**
2	Градежни објекти	203.842.667	233.290.605	**114,45**
3	Улици, патишта , тротоари и др. објекти	389.817.938	468.380.812	**120,15**
4	Опрема	52.951.897	81.572.206	**154,05**
5	Материјални средства во подготовка	330.971.963	407.779.858	**123,21**
Вкупно		**984.498.764**	**1.200.754.067**	**121,97**





Во текот на 2021 има зголемување на постојните средства за 21,97 % во однос на 2020 год.

3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
A1-Изборни активности и референдуми
A3-Подмирување на доспеани а не платени обврски
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
T- Унапредување на здравствена заштита
V - Социјална заштита –детски градинки
N - Образование
W - Противпожарна заштита

Програми	Планирано 2021	Реализ. 2021
Совет на Општина	31.204.558	25.808.866
Изборни активности и референдуми	4.800.000	4.400.000
Градоначалник	4.005.000	3.403.757
Месна самоуправа	200.000	120.569
Општинска администрација	78.389.500	64.362.754
Локален економски развој	45.085.666	24.380.504
Урбанистичко планирање и уредување на просторот	2.200.000	284.911
Комунални дејности	234.016.320	109.808.092
Јавна чистота и зеленило	33.065.000	32.821.343
Култура	33.078.961	15.823.504
Спорт	5.589.900	3.831.426
Унапредување на здравствена заштита	5.600.000	4.147.490
Социјална заштита –детски градинки	129.897.518	89.119.267
Образование	581.169.991	449.111.782
Заштита на животна средина	9.512.020	6.893.117
Противпожарна заштита	28.328.000	22.053.591
Вкупно	**1.226.142.434**	**856.370.973**


Програми - 2021
Противпожарна заштита
22.053.591
28.328.000
Заштита на животна средина
6.893.117
9.512.020
Образование
449.111.782
581.169.991
Социјална заштита –детски градинки
89.119.267
129.897.518
Унапредување на здравствена заштита
4.147.490
5.600.000
Спорт
3.831.426
5.589.900
Култура
15.823.504
33.078.961
Јавна чистота и зеленило
32.821.343
33.065.000
Комунални дејности
109.808.092
234.016.320
Урбанистичко планирање и уредување на просторот
284.911
2.200.000
Локален економски развој
24.380.504
45.085.666
Општинска администрација
64.362.754
78.389.500
Месна самоуправа
120.569
200.000
Градоначалник
3.403.757
4.005.000
Изборни активности и референдуми
4.400.000
4.800.000
Совет на Општина
25.808.866
31.204.558
0
200.000.000
400.000.000
600.000.000
Реализирано 2021
Планирано 2021



Вкупниот процент на реализација на програмите е 69,84 %

А – Совет на Општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 31.204.558,00 денари реализирани се 25.808.866,00 денари односно реализирана е програмата на советот со 82,71%.

Советот на Општина Велес во 2021 година одржа 21 редовна седница,1 вонредна седница и 1 конститутивна седница. За работењето на членовите на советот во 2021 година на име надоместоци исплатени се 4.805.732,00 денари, односно 18,62 % од вкупната реализација. Во оваа програма реализација во износ од 8.297.558,00 денари се однесува за отплата на главнина од заем, а 7.775.610,00денари или 30,12% од реализацијата на ова програма се однесува на плаќање по судски решенија.За помош за активно работење на ЈП Парк спорт и паркинзи издвоени се средства во износ од 1.773.955,00 или 6,87% од вкупната реализација, а пак од тековните резерви се потрошени средства во износ од 172.723,00 денари .

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка“, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот и „Програма за активностите на општина Велес во областа на социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по пооделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

3.1. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 4.005.000,00 денари во буџетот реализирани се 3.403.757,00 денари односно 84,98 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.297.580,00 денари односно 38,12 % од вкупната реализација . Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 465.000,00 денари или 13,66 % и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општината и општинските установи.За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општината и општинските јавни институции се исплатени средства во вкупен износ од 1.591.096,00 денари односно 46,74 % од вкупната реализација.

3.2. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 78.389.500,00 денари, а се реализирани 64.362,754,00 денари или 82,10 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 39.238.863,00 денари односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 60,96 %. За стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања) потрошени се 17.817.370,00 ден или 27,68 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 5.983.693,00 денари од планираните 6,800.000,00 денари или 87,99 % ,овие расходи реализирани се преку годишната програма за ИТ.

Извештај за реализација на годишните програми

Извештај за реализација на годишна програма за ИТ за 2021 година

Трошковно место	Планиран износ	Фин. Програма	Реализиран износ	Разлика	Реал. на програма
21-Е0.Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, докуп на гаранција за принтери)	700.000,00 ден	Е0	524.231,00 ден	175.769,00 ден	74,89%
21-Е0.Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost/ marnet/ edusoft/ mbd/ foxit)	550.000,00 ден	ЕА	349.746,00 ден	200.254,00 ден	63,59%
21-ЕА.Исплата на набавени таблети за потребите на училиштата во Општина Велес	1.300.000,00 ден	ЕА	1.299.480,00 ден	520,00 ден	99,96%
21-ЕА.Набавка на генератор/агрегат за производство на електрична енергија за потребите во Систем сала	700.000,00 ден	Е0	593.146,00 ден	106.854,00 ден	84,74%
21-ЕА.Набавка на ГИС услуги за Општина Велес	1.100.000,00 ден	ЕА	696.672,00 ден	403.328,00 ден	63,33%
21-ЕА.Набавка на информатичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема...)	1.200.000,00 ден	ЕА	1.097.940,00 ден	102.060,00 ден	91,50%
21-ЕА.Набавка на софтвер за зонско паркирање	1.500.000,00 ден	ЕА	1.499.925,00 ден	75,00 ден	100%
21-ЕА.Набавка на софтвер и лиценци (Office/SQL)	300.000,00 ден	Е0	297.780,00 ден	2.200,00 ден	99,26%
21-ЕА.Надградба на SharePoint 2010 во SharePoint 2019 (Document System Management)	700.000,00 ден	ЕА	498.750,00 ден	201.250,00 ден	71,25%
Вкупно	**8,050,000**		**6,857,670**	**1,192,330**	**85.19%**

Образложение:

Активностите предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2021 година беа насочени кон обезбедување на континуирано функционирање на информатичкиот систем, негова надградба, како и на остварување на целите дефинирани во рамки на стратешките документи од областа на ИКТ.

Набавена е ИКТ опрема за надополнување на недостатокот од истата, поради дотрајаност.

Набавен е софтвер за зонско паркирање кој е поставен на инфраструктура во сопственост на Општина Велес и за истата цел е набавен и Генератор на струја кој го одржува системот во функција во случаи кога има прекин на снабдувањето со струја.
Останатите активности се тековни и се однесуваат на континуирано одржување на информатичкиот систем, на хардверско и апликативно ниво.

Во 2021 година, Општина Велес, како носител, заедно со уште 4 општини (Општина Росоман, Општина Градско, Општина Демир Капија и Општина Лозово) аплицираше на проект „Пост-КОВИД: општините како двигатели за одржливиот развој“ преку УНДП за софтвер за дигитализација на дел од услугите кои ги нуди Општина Велес кон граѓаните. Истата беше одобрена и очекуваме дека во текот на 2022 година ќе биде имплементиран. Вредноста на проектот е во висина од 2.550.000,00 денари.

ИЗВЕШТАЈ

за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2021 година

Ф20 Уредување на градежно земјиште

- Ф20 Уредување на градежно земјиште (за надзор над изведба на градежни објекти, геодетските услуги и геомеханички испитувања од предвидените средства во износ од 2.800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.612.361,00 денари (57,59%).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2021 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа елаборати за геомеханички истражни работи за централно градско подрачје , за спортска сала во Оризари и сл , елаборати за геодетски услуги како за нумерички податоци, ажурирани подлоги за тековни и планирани проекти и пренесување на проекти на терен.

Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја

Во село Оризари се изврши асфалтирање на улица со должина околу 380 м , се бетонираше улица во село Иванковци со должина околу 200 м , се продолжи со бетонирање на отпочнатата улица во село Бузалково за уште 520м^2, се бетонираше улица во село Мамутчево со површина од 348м^2, се асфалтираа улици во село Црвкино и се изведе пристапна улица со потребен потпорен ѕид во село Клуковец со површина од 389м^2.Во село Долно Караслари се избетонира улица со површина од 476м^2

Од предвидените средства во износ од 5.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 5.011.504,00 денари (94,56 %).

ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура:

Се изработи Основен градежен и сообраќаен проект за централно градско подрачје и Основен проект за подземна катна гаража во централно градско подрачје со потребни ревизии. Се изготви Основен проект за изградба на улица паркинг простор и пристапни патеки на Езеро Младост , како и потребните ревизии на проектните решенија.

Се изработија проекти за : **реконструкција на улици и тоа:**

- Дел од улица "Благој Ѓорев" и "8$^{-ми}$ Септември"
- Дел од улица "АСНОМ";
- Дел од улица "Андон Шурков";
- Дел од улица "Лазо Осмаков";
- Дел од улица "Орце Мартинов";
- Дел од улица "Луј Пастер";
- Дел од улица "Љубљанска";
- Дел од улица "Орце Мартинов";
- Дел од улица "8$^{-ми}$ март"
- Дел од улица "Живко Фирфов";
- Се изготви Основен проект за изградба на потпорен ѕид на ул."Благој Ѓорев" бр.125;
- Се изработи проект за асфалтирање на две улици во село Сујаклари,
- Се изработи проект за реконструкција на дел од ул “Алексо Демниевски “ со почеток на раскрсница со ул."Асном“ па се до пред железничката станица , како и кружниот дел кај железничката станица
- Во тек се изготвување на проектна документација за водоснабдување на село Клуковец од градскиот водоснабдителен систем;
- Изготвување на проектна документација за одведување на урбани отпадни води од улица "Мечкин камен";
- Се изработи Основен проект за реконструкција на дел од фекална канализација во населба Превалец;
- Се изработи проект за реконструкција на спортска сала “Гемиџии“ како и ревизија на основен проект,

- Се изработени два проекта за ППЗ за реконструкција на спортска сала за ООУ "Кирил и Методиј" како и за реконструкција на училиштето во село Бузалково. Од проектна документација за регулирање на сообраќајот се изготвија:

- Основен сообраќаен проект за времена измена на режим на сообраќај при изведување на градежни активности – изградба на систем за водоснабдување на населени места Раштани и Бузалково од градскиот водоводен систем на Велес
- Основен сообраќаен проект за воведување на еднонасочен сообраќај на дел од улична мрежа во Велес – Општина Велес
- Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на улици согласно УПВНМ: измена и дополна на урбанистички план вон населено место за УЕ2-Блок 1 и 2 Езеро Младост , Општина Велес,
- Основен сообраќаен проект за воведување на светлосна сигнализација на крстосница формирана од улиците АСНОМ и Борис Трајковски во сите фази во Велес – Општина Велес,
- Основен сообраќаен проект за поставување на технички средства за забавување на сообраќајот пред градинки и училишта на територија на општина Велес,
- Основен градежен и сообраќаен проект за централно градско подрачје во Велес ,
- Основен сообраќаен проект за партерно уредување на плоштад и изведба на подземна катна гаража КП 2689/1КО Велес , општина Велес ,
- Основни сообраќајни проекти за времена измена на режим на сообраќај, за време на изведување на градежни активности – за сите предвидени градби- реконструкција на улици , патни премини и сл .
- За голем број од проектите изготвени се Елаборати за заштита на животната средина.;

Од предвидените средства во износ од 7.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.788.322,00 денари (68,40%).

J Комунални дејности

Од предвидените средства во износ од 218.916.320,00 денари се потрошени средства во износ од 97.827.478,00 денари (44.69 %).

J00 Одржување на урбана опрема

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема и промена на оштетени делови на урбаната опрема на улиците низ градот и во детските забавни паркови , спортски игралишта и сл .

Од предвидените средства во износ од 1.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 357.450,00 денари (35,75%).

ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи)

Во текот на цела година се врши набавка на урбаната опрема и нејзино поставување. На барања на граѓани се поставуваа клупи, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Во 2021 година се поставени ракофати во високите зони на градот. Огради се поставија на повеќе улици низ градот по доставени барања од граѓани. По издадени налози се постапуваше околу редовното одржување на украсните фонтани во градот. Се изработија и поставија заштитни столбчиња на дел од тротоарите низ градот.

Од предвидените средства во износ од 2.200.000,00 денари се потрошени средства во износ од 590.688,00 денари (26,85 %).

Ј10 Снабдување со вода

Се вршеше тековно одржување на системите за водоснабдување во населените места од страна на ЈКП Дервен. Се вршеше дотур на питка вода за населените места во кој постоечките извориштa не задоволуваа или пресушија.

Од предвидените средства во износ од 800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.323,00 денари (0,42 %).

ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување

Се продолжи со проширување на водоснабдителен систем во градот заедно со ЈКП Дервен. Се прошири мрежата за водоснабдување во Населба Речани. Се прошири мрежата за водоснабдување на Езеро Младост.

Од предвидените средства во износ од 3.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 276.021,00 денари (9,20 %).

Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосферска канализација. Во село Бузалково, Иванковци и Горно Оризари се вршеше тековно одржување на постоечките линиии. Се изградија атмосферски канали на повеќе локации и се реши долгогодишниот проблем со зафаќање и спуштање на атмосверските води на ул.Љубљанска. Се изгради атмосверската канализација во Горно Оризари на локацијата предвидена за изградба на фудбалско игралиште за голем фудбал.

Од предвидените средства во износ од 4.300.000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.290.732,00 денари (76,53 %).

ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Се изведе фекална канализација во Населба Отовица и санирање на голем број на улични сливници и сливни решетки низ градот. Од предвидените средства во износ од 6.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 568.925,00 денари (9,48 %).

J30.Јавно осветлување

Од оваа ставка се изврши наплата за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, новогодишно украсување на градот, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се прошируваше постоечката мрежа за улично осветлување. Во текот на 2021 година сервисирани се 742 сијалични места, што претставува зголемување за 125 сијалици или 20% зголемување во однос на 2020 година.

Од предвидените средства во износ од 28.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 23.537.106,00 денари (82,59%).

JA0.Изградба на јавно осветлување

Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во градот и населените места, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите и поставување на ново мерно место. Проширување на мрежата за улично осветлување со поставување на нови столбови и поставување на нови светлечки тела вкупно 121 или 18% помалку во однос на 2020 година. Се изврши проширување и на мрежата за улично осветлување во должина од 7370 м нова мрежа за улично осветлување, а за реконструкција на постоечка мрежа пуштени се 7800м нов кабел. Со цел отстранување на дефектите во мрежата за улично осветлување стручните екипи на избраните економски оператори интервенирале 77 пати што е 50 % помалку во однос на 2020 година. Од предвидените средства во износ од 5.300 000,00 денари се потрошени средства во износ од 3.013.048,00 денари (56,85 %).

J60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај

Во 2021 година реализирани се следните зафати:

Во неколку наврати се изврши крпење на ударни дупки низ градот, на реакција на жителите се изврши тампонирање на банкини на локалните патишта. Извршено е чистење на последици од елементарни непогоди – нанос, расчистување на паднати стебла од сообраќајниците на локации: Потокот , ул Орце Мартинов , ул Благој Ѓорев , градски парк , градски стадион и др . Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно, се изврши набавка на потребните количини на индустриска – камена сол. Се изврши изведба на хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др.Редовно се пушташе градежна механизација за санирања на оштетувања на локалните патни правци.

Од предвидените средства во износ од 11.844.634,00 денари се потрошени средства во износ од 4.447.678,00 денари (37,55 %).

ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Во 2021 година се бетонирани следните улици:

- Се избетонира дел од улица во Населба Хабитат со површина од 502м^2;
- Се реконструираше дел од улица Крали Марко со површина од 466м^2;
- Се избетонира дел од улица Ордан Џинот со површина од 323м^2;
- Се избетонира дел од улица Даме Груев со површина од 827м^2
- Се избетонира дел од улица Богдан Каракостев со површина од околу 400 м^2 и
- Се изврши бетонирање на дел од улици Александар Несторов и Славе Ефтовски со површина од 800 м^2
- Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој бетон.

Во 2021 година се изврши реконструкција на дел од улица Благој Ѓорев спој со Маршал Тито со површина од 4005м^2, се реконструираа дел од улица АСНОМ со површина од 4758м^2. Се изврши асфалтирање на дел од улица Васа Кошулчева со површина од околу 1000 м^2, се асфалтираше дел од улица во опфат Касарна со површина од 650 м^2. Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој асфалт на повеќе локации во неколку наврати во текот на годината.

Во 2021 година се изврши тампонирање на дел од улица Васа Кошулчева и дел од улица Павел Шатев.

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал со кој граѓаните сами извршија зафати за бетонирање на улици. Со материјали издадени од Општина Велес се изврши бетонирање на краци со завршен слој земја и изведба на потпорни ѕидови.

Се изврши санирање на автобуските постројки низ градот.

Се заврши со започнатиот проект за реализација на сообраќајни решенија на повеќе крстосници низ градот.

Во текот на 2021 година од предвидените средства во износ од 43.718.602,00 денари се потрошени средства во износ од 24.608.708,00 денари (56,29 %).

ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи)

Средствата предвидени за подигнување и реконструкција на нови зелени површини се потрошени за уредување на просторот пред зградите на улица Крсте Мисирков каде се изврши поплочување на партерот пред зграда со површина од околу 1000 м^2.

Од предвидените средства во износ од 2.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 829.908,00 денари (33,19 %).

J80 Други комунални услуги

Во 2021 година не се вршеше присилно административно извршување бидејќи во неколку наврати на јавната набавка не се пријави заинтересиран економски оператор за тој вид на работа.

JЛА Други комунални услуги (капитални расходи)

Се започна со изведба на Покриен Градски Пазар - фаза 2 за што беше обезбеден износ од 40.000.000,00 од Влада нна РС Македонија и 46.003.120,00 денари од Светска банка за фаза 1. Фаза 2 е во завршна фаза - пред отпочнување на користење.

Се изврши асфалтирање на улица А1 во ИЗ Узус со должина од околу 80 м или околу 500 м^2 и една сообраќајница во сателитската Населба на Езеро Младост со должина од околу 180 м или 1200 м^2 површина .

Од предвидените средства во износ од 99.953.084,00 денари се потрошени средства во износ од 36.303.891,00 денари (36,32 %).

Дел од изведените активности во 2021 година согласно Договорите и динамиката за исплата на доставените ситуации ќе се реализира во 2022 година. Финансискиот дел од извештајот се однесува на изведените работи кои се наплатени. Изведените работи кои не се исплатени не се вкалкулирани во процентуалниот износ на реализација. Од вкупно предвидени средства во износ од 234.016.320,00 денари потрошени се 109.808.092,00 денари или 46,92%.

Извештај од работата на Одделението за урбанизам за 2020 година

1. Урбанистички планови
   - Во 2021 година донесени се:
   - **Детални урбанистички планови**
     1
   - **Урбанистички проекти**
     16
   - **Услови за планирање на просторот**
     9
   - **Плански/проектни програми**
     9

2. Градежно земјиште

- **Јавно наддавање**

Во текот на 2021 година по пат на електронско јавно наддавање не беше отуѓена ниту една градежна парцела.

- **Непосредна спогодба**

Во текот на 2021 година примени се 25 барања за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба од кои решени се вкупно 29 барања од кои се прибрани вкупно 3 273 462 денари, од кои 80 % влегуваат во Буџетот на Општина Велес, а останатите 20 % влегуваат во Буџетот на Република Македонија.

Донесени се 9 решенија за прекин, 3 известувања за дополнување и 2 предмети се во постапка по жалба.

Одобренија за градење

Предмет	Во постапка	Одбиени-повлечени-жалба	До 31.12.20 завршени
Одбрение за градење,надградба, доградба и и инфраструктура	**10**	**3**	**18**
Решение за адаптација и пренамена	**1**	**/**	**1**
Решение за реконструкција	**/**	**1 одбиени**	**32**
Одобрение за подготвителни работи	**/**	**/**	**/**
Решение за објекти без одобрение за градба	**3**	**2**	**32**
Решение за измени во тек на градба			**10**
Решение за промена на инвеститор	**/**	**/**	**2**
Известување за почеток на градба	**/**	**/**	**8**
Потврда за усвојување на идеен проект	**/**	**1**	**17**
Вкупно од е-градеж.дозвола	**14**	**7**	**120**

Извод од план (ГУП, ДУП, општ акт, УПВНМ, ЛУПД, МФ)			**438**
Извод од план-електронски			**69**
Потврди			**215**
Мислења за легализација			**352**
Микролокациски услови			**22**
Пресметка за урбана опрема			**105**

Одобрение за вршење дејност			**10**
Одобрение за урбана опрема			**105**
Правосилни заверки на документи			**8**
Службени белешки			**17**
Писма и други документи			**120**
Одобрение за отстранување	**1**		**4**
Вкупно од други документи			**1 465**
			Заедно
			1 585

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2021 ГОДИНА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој за 2021 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2021 година изнесуваа 18.963.717,00 ден, средства од буџетот на Општина Велес и од други домашни и меѓународни институции како поддршка за спроведување на проекти од важност за евроинтеграциите и локалниот економски развој. Одделението за евроинтеграции и ЛЕР неколку пати во текот на годината, согласно потпишаните договори за реализација на проекти по претходно испратени апликации направи измена на Програмата за ЛЕР. Со последната измена во Програмата за ЛЕР во ноември 2021 година, средствата добија вкупен износ од 47.518.979 денари воглавно како резултат на одобрени проектни апликации од страна на Европската унија, Програмата за развој на Обединетите нации и Швајцарската агенција за развој и соработка. 18.963.717 денари од вкупната вредност на планираната програма се средства од буџетот на Општина Велес, а 28.555.266 се планирани за обезбедување од надворешни фондови.

Активностите во одделението согласно програмата опфаќаа активности за реализација на веќе започнатите проекти, реализација на процесите на преговори со донаторите за финалниот износ на проектните буџети, поднесување на нови проектни апликации, обезбедување на проектно - техничка документација за идни апликации на проекти, изработка на нови стратешки документи и реализација на проекти и активности финасирани само од буџетот на Општина Велес.

Согласно последната измена Програмата за ЛЕР опфати вкупно 20 точки по однос на конкретни проекти и активности:

1.Од средствата од точката „Учество во проекти финансирани од домашни и меѓународни фондови“ во висина од 4.179.917 денари, исплатени се вкупно 3.285.654 денари. 2.155.155 денари се префрлени за реализација на ставка бр. 20 „Учество во проектот за изработка на Студија на изводливост за мрежа на јавен превоз во град Велес“ одобрен и кофинансиран од УНДП и СИДА, а 1.130.499 денари се префрлени на проектната сметка (ставка 2 од оваа програма) за исплата на трошоци за градежни работи за проектот „СМАРТ езеро Младост-Прва иновативна туристичка атракција во Македонија“. Во 2021 година заврши имплементацијата на овој значаен проект финансиран од ЕУ преку Програмата за локална и регионална конкурентност.

2. Согласно договорот и обезбедените буџетски средства за реализација на проектните активности на проектот „Смарт езеро Младост“, во 2021 година, од проектната сметка на проектот (фонд-учество на Општина Велес) 5,789,015.00 денари се исплатени на ангажирани домашни градежни компании за завршување на планираните градежни работи (ставка2 од програмата/инфраструктура), 195,242.00 се исплатени за промоција (ставка 3 од програмата), а 634,032.00 денари се исплатени за набавка и инсталација на опрема - сепаратор за масло на езеро Младост - ставка 4 од програмата. Со овие исплати проектната сметка е исцрпена и проектот е реализиран во целост.

3.Проектот ги зајакна капацитетите на Општина Велес за развој на туризмот и ја обезбеди првата транзитна паметна дестинација во државата. Со проектот е изградена нова туристичка инфраструктура, пешачки патеки, пристапни патишта до туристички капацитети, екокамп со парк на авантури, регионално туристичко биро, сувенирница, паркинг со 23 паркинг места, нови велосипедски патеки, а обезбедена е и опрема за паметно осветлување, велосипедизам, управување со паркирање, управување со отпад и други паметни решенија за развој на туризмот.

4. Останува да се реализираат активностите за одржливост на проектот преку обезбедување на активно вклучување на приватниот сектор и јавните претпријатија на општината во управувањето со инфраструктурата и добрата набавени со проектот како и преку обезбедување на континуирана одржливост на новоизградената инфраструктура.

5 . Од вкупните средства планирани за Поддршка на центарот за развој на ВПР за 2021 година во висина од 600.000 денари, исплатени се вкупно 551.080, 00 денари за учество во проекти спроведувани од Центарот за развој на вардарскиот плански регион.

6. Во рамките на проектот „Знаење, заштита и вреднување на старите урбани јадра“, финансиран од Министерството за Европа и надворешни работи на Република Франција и општинските буџети на македонските општини вклучени во проектот, во 2021 година од вкупно планираните 300.000 денари, реализирани и исплатени се вкупно 38.578 денари од кои 19.384,00 се исплатени за организација на меѓународна работилница во куќата на Касапови, а 19.194 денари се исплатени за услуги за консекутивен превод од француски на македонски јазик и обратно, за споменатата работилница. Поради здравствената криза голем број планирани активности за директни средби и работилници на македонските, француските и албанските партнери се откажани. Престанатите активности (инвентаризација, сигналитика и медијација) ќе се реализираат заклучно со јуни 2022 година.

7. Проект за развој на велосипедизмот - Pump Track.
Проектот е во целост реализиран со што Градскиот парк во Велес доби нова содржина за спортување и рекреација на љубителите на велосипедизмот. Финансиски, проектот треба да биде затворен во 2022 година.

8. Во рамките на учество на Општина Велес во реализацијата на проектот за „Инклузивен смарт туризам“ финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка, од оваа ставка планирана со 2.206.703 денари, исплатени се 1.576.857,00 денари за учество на Општина Велес во реализацијата на проектот подготвен од општинската администрација. Намалувањето на овие средства кои го претставуваат учеството на Општина Велес во проектот се должи на добиените цени за градежни работи во тендерската постапка (најниска цена) спроведена од ЦРВПР. Од овие средства 1.356.857 денари се исплатени за градежни и други работи за имлементација на проектот, а 220.000 денари се префрлени на три граѓански организации за обезбедување на одржливост на проектот во период од 12 месеци.

Со проектот, покрај езерото Младост е изградено првото регионално инклузивно игралиште „Парк на срцата“, обезбедени се реквизити за спорт и рекреација на децата и лицата со попреченост и изработена е првата Регионална програма за инклузивен туризам.

9. Од планираните средства за поддршка на работата на Туристичкото биро креирано во рамките на проектот „СМАРТ езеро Младост“, во висина од 200.000 денари, во 2021 година 25.021 денар се исплатени за брендирање на туристичкото биро (светлечка реклама и дизајниран излог).

10. Од планираните мерки за енергетска ефикасност во објекти во сопственост на Општина Велес и субвенции за инвертор клими и други мерки за енергетска ефикасност во висина од 1000.000 денари се реализираа 494.877 денари и тоа во целост за субвенционирање на инвертор клими.

11. Во 2021 година од ставката „Одржување на постоечките стандарди за квалитет и воведување на нови меѓународни стандарди, обуки, тренинзи и семинари планирана во 2021 година“, 14.089 денари се исплатени за надзорна проверка на системот за управување со квалитет базиран на меѓународниот стандард „ИСО 9001: 2015.

12. Од планираната ставка „Стратешки документи; Консултантски услуги (изработка на елаборати, студии, проекти, извештаи, програми, стратегии)“ во висина од 1.250.000,00 денари,55.000.00, денари се исплатени за изработка на завршен извештај од ревизија на Основен градежен и сообраќаен проект за централно градско подрачје на Велес. 201.072,00 денари се исплатени за изработка на Стратегија за локален економски развој за периодот 2021-2025 година.

13. Маркација и изградба на велосипедски патеки. Од оваа ставка во висина од 1.300.000,00 денари не се потрошени средства во 2021 година. Маркацијата на 17,5 км велосипедски патеки е направена со средства од ЕУ, во рамките на проектот „СМАРТ езеро Младост - прва иновативна туристичка атракција во Македонија“.

14. Од ставката „Европска недела на мобилност, видливост и резултати се потрошени 82736 денари. Во периодот од 16 до 22 септември 2021 година, во соработка со здруженија на граѓани, јавни институции, поединци и општествено одговорни компании, тим од Општина Велес реализираше седумдневни активности, со што ја одбележа Европската недела на мобилност 2021. Амбасадата на Шведска, Делегацијата на Европска Унија и Европска куќа Скопје нè поддржаа во одбележување настаните на ЕНМ 2021. За прв пат оваа година, Општина Велес обезбеди донации од општествено одговорни компании за ОЈУДГ „Димче Мирчев” и за четирите општински основни училишта во градот. Донациите се состоеја во реквизити за спорт и рекреација на децата од предучилишна и училишна возраст. Во рамките на ЕНМ 2021 поставени се три паркинзи за велосипеди на езеро Младост (финансиска завршница во 2022 година).

Од оваа ставка, во 2021 година за брендирање на реклама за туристичкото биро се реализирани 25.021 денари, додека 58.705 денари се реализирани за набавка и поставување на инфо табли за видливост на екокамп, паркинг и пешачка патека на езерото Младост.

15. Поддршка на првиот локален центар за франшиза на Велес. Од оваа ставка не се реализирани средства во 2021 година.

16. Асфалтирање на постоечки земјен локален пат помеѓу селата Сливник и Бузалково - финансиран од АФПЗРР преку мерка 321 за рурален развој/ апликант Општина Велес. (Сресства кои се реализираа во оваа година за проект имплементиран во минатата година и кој агенцијата ги исплати во оваа година).

17. Изградба на улици низ село Сливник во должина од 1 км - финансиран од АФПЗРР преку мерка 322 за рурален развој. (Сресства кои се реализираа во оваа година за проект имплементиран во минатата година и кој агенцијата ги исплати во оваа година).

18. Проект финансиран преку програмата РомАктед на Европската комисија за реконструкција на тоалетите во спортската сала на ООУ „Панко Брашнар“.За овој проект со средства во висина од 31.084 денари се докупија таблети за учениците од ООУ „Панко Брашнар“.

19. Ставката е воведена во програмата на барање на ЛРЦП за дообезбедување на средства за набавка на сепаратор за масло за проектот СМАРТ езеро Младост.
Истите не се реализирани затоа што по завршувањето на тендерската постапка беше констатирано дека веќе се обезбедени доволно средства за оваа намена.

20. Средствата од оваа ставка во висина од 2.155.155 денари во целост се префрлени на проектната сметка на УНДП за учество на Општина Велес во реализацијата на проектот за изработка на првата општинска Студија на изводливост (Физибилити студија) за мрежа за јавен превоз во Велес. Студијата ја изработува реномираната израелска компанија РОМ Транспорт и треба да биде завршена до крајот на март 2022 година.

Покрај планираните активности, одделението за ЛЕР и Евроинтеграции во текот на целата година активно поднесуваше апликации до домашните и меѓународните фондови и работеше на утврдување на нови извори на финансирање во соработка со другите одделенија. **Начин на реализирање** Основна цел на Програмата за локален економски развој за 2021 година беше континуиран развој на апсорпционите капацитети на Општината за за искористување на европски и други меѓународни како и домашни фондови, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината. Во 2021 година, одделението за евроинтеграции и ЛЕР активно работеше на имплементација на одобрени европски и други проекти финансирани од меѓународни фондови, реализзација на проекти финансирани од домашни фондови и поднесување на нови проектни апликации. Дел од овие апликации веќе се одобрени за реализација во 2022 година.

Ред.бр	Прог	Наслов	Општина Велес	Надворешни фондови	Севкупно	Реализи. Средства
1		Учество во проекти финансирани од домашни и меѓународни фондови	4.179.917	0	4.179.917	1.130.499
2		Проект финансиран од ЕУ преку ИПА програмата, раководен од светска банка(ЛРЦП) - „СМАРТ Езеро Младост- Прва иновативна туристичка атракција во Македонија“ - инфраструктура	1.164.938	5.154.993	6.319.931	5.789.015
3		Проект финансиран од ЕУ преку ИПА програмата, раководен од светска банка(ЛРЦП) - „СМАРТ Езеро Младост- Прва иновативна туристичка атракција во Македонија“ - промотивни активности	0	195.242	195.242	195.242
4		Проект финансиран од ЕУ преку ИПА програмата, раководен од светска банка(ЛРЦП) - „СМАРТ Езеро Младост- Прва иновативна туристичка атракција во Македонија“ - набавка на опрема	0	668.461	668.461	634.032
5		Поддршка на Центарот за развој на ВПР	600.000	0	600.000	551.080
6		Учество во проект за заштита на архитектонско наследство со Република Франција и Република Албанија	300.000	0	300.000	38.578
7		Проект за развој на велосипедизмот - Pump Track	4.000.000	0	4.000.000	0
8		Проект ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост	2.263.703	0	2.263.703	1.576.857
9		Поддршка на туристичкото биро на Општина Велес	200.000	0	200.000	25.021
10		Мерки за енергетска ефикасност во објекти во сопственост на Општина Велес и субвенции за инвертор клими и други мерки за енергетска ефикасност	1.000.000	0	1.000.000	494.877
11		Одржување на постоечките стандарди за квалитет и воведување на нови меѓународни стандарди, обуки, тренинзи и семинари	150.000	0	150.000	14.089
12		Стратешки документи; Консултантски услуги(изработка на елаборати, студии, проекти, извештаи, програми, стратегии)	1.250.000	0	1.250.000	256.072
13		Маркација и изградба на велосипедски патеки	1.300.000	0	1.300.000	0

14		Европска недела на мобилност, видливост и резултати	150.000	0	150.000	83.726
15		Поддршка на првиот локален центар за франшиза на Велес	150.000	0	150.000	0
16		Асфалтирање на постоечки земјен локален пат помеѓу селата Сливник и Бузалково - финансиран од АФПЗРР преку мерка 321 за рурален развој/ апликант Општина Велес	0	16.721.175	16.721.175	16.721.175
17		Изградба на улици низ село Сливник во должина од 1 км - финансиран од АФПЗРР преку мерка 322 за рурален развој	0	5.765.395	5.765.395	5.765.395
18		Проект финансиран преку програмата РомАктед на Европската комисија за реконструкција на тоалетите во спортската сала на ООУ „Панко Брашнар“.	50.000	50.000	100.000	31.084
19		Проект финансиран од ЕУ преку ИПА програмата, раководен од светска банка(ЛРЦП) - „СМАРТ Езеро Младост- Прва иновативна туристичка атракција во Македонија“ - дообезбедување на средства за набавка на опрема	50.000	0	50.000	
20		Студија за јавен градски превоз, (Фонд за техничка помош) УНДП и СИДА	2.155.155	0	2.155.155	2.155.155
		ВКУПНО	**18.963.713**	**28.555.266**	**47.518.979**	**35.461.897**
			Вкупен % на реализација			**74,63**

З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2021 ГОДИНА

Во текот на 2021 година реализирани се 7 проекти од Програмата наведени во следната табела:

Табела. Финансиска реализација на Програма за заштита на животната средина

Програма	Назив	Планирано МКД	Потрошено МКД	Реализација
P1	20-P1.Анализи на квалитет на животна средина	28.000,00	28.000,00	100%
P1	20-P1.Проектна документација за животна средина	110.000,00	111.887,00	101.72%
P1	20-P1.Реализација на мерки од План за управување со квалитет на амбиентен воздух	1.400.000,00	694.650,00	49,62%
P1	20-P1.Реализација на мерки од Програма за управување со отпадот	500.000,00	499.834,00	99,97%
P1	20-P1.Набавка на материјал за хортикултурно уредување	1.440.000,00	1.080.708,00	75.05%
PA	20-PA.Набавка на опрема за управување со отпад – дел од Програма за управување со отпадот	2.800.000,00	2.761.623,00	98.63%
PA	20-PA.Набавка на опрема за управување со отпад - Обврски од минати години	249.012,00	249.012,00	100,00%
PA	20-PA.Подигнување на нови зелени површини – дел од Програма за подигнување на нови зелени површини	2.500.000,00	978.582,00	39.14%
PA	20-PA.Подигнување на нови зелени површини – Обврски од минати години	484.208,00	484.208,00	100,00%
	ВКУПНО:	**9.512.020,00**	**6.889.304,00**	**72.43%**

Програмската реализација се извршуваше преку спроведување на следните активности:

- Во делот Анализи на квалитет на животната средина потрошените средства се за извршени 16 анализи на квалитет на вода за
- капење во летна сезона од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје.
- Во делот на Проектна документација за животна средина изготвени се 11 Елаборати за заштита на животната средина за
- инфраструктурни објекти чиј инвеститор е општината.
- Во реализација на мерки од План за управување со квалитет на амбиентен воздух извршено е субвенционирање на 89 физички лица за купување на велосипед и 38 физички лица за купување на сончеви термални колектори.
- Во реализација на Програмата за управување со отпад реализирани се средства за чистење на диви депонии на територијата на општината и тоа исчистени се диви депонии со 1300м^3 отпад.
- Во делот за Набавка на материјал за хортикултурно уредување извршена е набавка на цветен расад и на садници (листопадни и зимзелени) за хортикултурно уредување на зелените површини.

Капитални расходи

- Во ставката Набавка на опрема за управување со отпад – дел од Програма за управување со отпадот:
  - Извршена е набавка на 942 стандардизирани канти за домаќинства (зелени за комунален и жолти за селектиран отпад) и поставување на 4 подземни контејнери од 3,3м^3 на следните локации: еден подземен контејнер на ул. Гоце Делчев, два на паркинг Оливер Китановски, еден на ул. Алексо Демниевски под Пошта, како и:
  - Извршено е плаќање на фактура за поставување на подземни контејнери од минатата 2020 година.

- Активностите за Подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини согласно усвоената Програма за 2021г. се реализирани, при што:
  - Подигната е нова зелена површина: во Градски парк, езеро Младост на пешачка патека и Еко-камп, ул. Благој Ѓорев (ВЕЛ СИТИ), ул. Крсте Мисирков.
  - извршено плаќање на фактури за подигнување на нови зелени површини од минатата 2020 година.

За реализацијата на проектите во 2021 година планирани се вкупно **9.512.020,00** денари, а потрошени се **6.889.304,00** денари.

Ако се споредуваат **финансиските параметри**, односно висината на планирани и потрошени (платени) финансиски средства, тогаш реализацијата на Програмата во делот на заштита на животната средина изнесува **72.43**

J40 Јавна чистота

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота за 2021 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за реализираните активности на чистење, миење и одржување на јавните површини, како и чистење на снег и мраз во зимски услови за 2021 година.

Извештајот за реализираните работи согласно Програмата за 2021 година ќе биде доставен на разгледување до Советот на Општина Велес од страна на ЈКП Дервен.

Од предвидените средства во износ од 14.785.000,00 денари исплатени се средства во износ од 14.541.343,00 денари (98,35 %).

J70 Одржување и користење на паркови и зеленило

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2021 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка на цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини.

Од предвидените средства во износ од 18.280.000,00 денари се потрошени средства во износ од 18.280.000,00 денари (100 %).

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

Програма за активностите во областа на културата и меѓународната соработка

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2021 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог- документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за 2021 година, заклучно со 31 декември изнесуваа ***7.070.000,00*** денари и истата преку прегледот на бројките е заокружена со степен на реализација од 25.32 проценти. Средствата од Министерството за култура се однесуваат на блок-дотациите наменети за локалните установи од областа на културата и преку Годишниот конкурс за финасирање проекти од Национален интерес по одделни области и активности од културата за 2020 година за меѓународната манифестација: „Рацинови средби“ и ФАД „Стоби“. Иако Општина Велес конкурираше и за „Меѓународна скулпторска колонија“, поддршката од ресорното министерство изостана.

Годишната програма беше креирана со опфат на седум поглавја: манифестации, поддршка на проекти, инвестиции, поддршка на локални установи,комуникација со јавноста и меѓународна соработка, трансфер на средства и други расходи.

Најголемиот дел од Програмата е претставен во поглавјето Манифестации. Тука се поместени културните збиднувања од меѓународен, републички и локален карактер што ги реализира општинската администрација во партнерство со

локалните установи од областа на културата, НУЦК театар „ЈХК-Џинот“, Организациските одбори на дел од културните манифестации, граѓанските организации, бројни културни работници и поединци. Преку ова поглавје, содржински се интегрирани еднодневните настани и бројни комплексни манифестации кои во себе обединуваат повеќе уметности што се реализираат во времетраење од неколку дена. Такви се меѓународните фестивали, изложбите, промоциите, Велешкото културно лето, така што бројката на културни настани е далеку поголема од она што е претставено преку табеларниот приказ во Програмата.

Во календарската година, предмет на Годишниот извештај и покрај состојбата со пандемијата со Ковид 19, Општина Велес успеа да организира бројни значајни културни настани:

Меѓународна културна манифестација „58. Рацинови средби”

„54. Детски Рацинови средби”

Трета меѓународна скулпторска колонија 2021

18. Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ 2021

Настани во рамки на Велешко културно лето 2021:

Целовечерен годишен концерт на членовите на Балетското студио „Анабела”

Концерт на класична музика за четирирачно пијано во изведба на уметничките Ана Гацева и Тања Џорлева

Традиционална Велешка поетска вечер, во партнерство со Клубот на писатели „Коста Солев – Рацин” Велес

Музички концерт насловен „Боите на љубовта” на препознатливите „Девојките” (The Chicks)

Целовечерен концерт на забавна музика во изведба на Дац & Александар

Велешкиот бенд Zima Blue одржа концерт на отворено во Амфитеатарот во Младински парк

Ликовна изложба на дела од Ликовната колонија од Неготино

Концерт со дела од македонски автори и познати светски класици пред велешката публика беѓе изведен од Дуото во состав Светлана Ташева и Илија Настевски

Велешката публика имаше можност да ужива во изведбата на познатите рефрени и хитови од целовечерниот концерт, организиран во чест на големиот јубилеј, 25 години постоење на групата „Фолтин”

Љубителите на рок музиката имаа можност да присуствуваат на промоцијата на монографијата „Македонски РОК времеплов” од авторот Тошо Филиповски

Во рамките на Велешко културно лето беше организирана изложба на фотографии и промоција на книгата „Велес низ мојот објектив” од познатиот афористичар, велешанецот Атанас Крлевски

Проф. д-р Снежана Петрова – Џамбазова, родум од Велес ја промовираше книгата „Рекламата како текст,” докторска дисертација излезена од печат во 2019 година. Делото претставува осврт на јазичните особености со посебен осврт на истражување на статусот и употребата на современиот македонски јазик.

„Старградска класика“ беше насловен концертот на трио „Окарина” во состав на проф. Веселинка Маџарова, м-р. Илија Настовски и м-р Трајче Малинов. Врвните велешки музички амбасадори со несекејдневен избор на нумери се претстави пред домашната публика.

Учениците од ООМУ „Стефан Гајдов” се претставија со концерт „Музички бисери и уште еднаш младите и надежни таленти ја воодушевија публиката љубител на класиците.

Во ликовниот салон беше поставена историска изложба за Мемо Сулејманов, македонскиот атлетски рекордер.

Поради замавот на пандемијата и затворањето на границите, дел од предвидените настани се откажаа, а повторно изостана и организирањето на Интернационалниот фолклорен фестивал.

Преку Годишната програма за култура и меѓународна соработка за 2021 се обележаа бројни годишнини на значајни настани и личности, се оддаваше почит на вечните почивалишта на великаните и се положуваше цвеќе на паметниците на заслужните историски личности.

Во чест на 9 Ноември, Денот на ослободување на Општина Велес, се организираше традиционалното врачување на деветоноемвриските награди и признанија, наградата за животно дело „Гемиџии“ и наградата „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за најстудентот за 2021 година.

Годината се заокружи со свеченост на која се врачија наградите на најуспешните поединци потврдени во својата професионалност и најхуманистот на годината.

Од поглавјето Годишнини се покриваа трошоците што произлегуваа од реализирањето на Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2021 година.

Начин на реализирање

Бидејќи основната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2021 година беше обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги опслужува општинската администрација, а поради состојбата со пандемијата и согласно здравствените протоколи, во зависност од масовноста на настаните, по потреба беше ангажирана и редарска служба.

Програма за активностите во областа на образованието

Основни цели на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2021 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за спроведување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2021 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2021 година изнесуваа 6.020.000,00 денари.

Од овие средства, за активности во основното образование реализирани се 77.446,00, додека за капитални инвестиции во основните училишта реализирани се 1.173.584,00 денари.

За активности во средното образование реализирани се 27.779,00, додека за капитални инвестии реализирани се 873.645,00,00 денари.

Овие поглавја опфаќаат: манифестации организирани од основните и средните

училишта, прогласување најдобри наставници во средно и основно образование и одделенска настава, учество на саемски манифестации, поддршка на талентираните ученици за учество на меѓународни натпревари, реализирање партнерски проекти со училиштата и граѓанските организации од областа на образованието, учество во партнерски проекти и проект МИМО, реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка документација во основни и средни училишта и ученички дом, интервенции во училишните и спортски објекти и набавка на опрема во основните и средни училишта, реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта, изградба, реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата и ученичкиот дом, осигурување на училишни објекти, поставување видео надзор во училишни објекти и тн.

Во поддршка на образованието спаѓа и доделување стипендии на талентирани ученици од средно образование и студенти.

Следејќи ги основните цели на програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2021 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните. Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

Реализирани финансиски средства од програмата за образование се 2.152.454,00 денари или 35,76 %.

Програма за активностите во областа на спортот

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2021 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ.

Вкупно планираните средства за 2021 година изнесуваа 5.289.900,00 денари.

Програмата од областа на спортот е составена од четири дела:

I. Спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Поддршка на спортот во градот
IV. Инвестиции

Имајќи ја предвид актуелната состојба со Ковид-19 пандемијата, дел од активностите беа одложени, дел откажани, а оние кои се реализираа беа организирани согласно објавените мерки и протоколи од страна на Комисијата за заштита од заразни болести, со цел заштита и спречување на ширење на Ковид-19.

Детално образложение по проекти и активности во делот I. Спортски манифестации:

За поддршка на турнири во боречки вештини се издовени вкупно 21.900,00 денари, а за поддршка на турнири во кајак, 24.600,00 денари. Додека пак, 30.000,00 денари се издвоени вкупно за поддршка на турнири во тенис.

Исто така, Општина Велес ја поддржа и организацијата на велосипедски и мото натпревари во текот на 2021 година со вкупно издвоени 20.000,00 денари.

Осмиот по ред велешки Меѓународен пливачки маратон, се одржа во месец септември 2021 година, во организација на Здружението за спорт и рекреација „Клуб 28” од Велес, а со техничка поддршка на Општина Велес, ОО на Црвен крст од Велес и на Кајак клубот „Бабуна”. За поддршка во организацијата на оваа традиционална спортска манифестација, Општина Велес во целост издвои 146.000,00 денари.

Согласно протоколите за организирање на настани во затворен простор, спортската манифестација за Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2021 година се одржа со ограничено присуство на поканети гости, а Општина Велес ја поддржа манифстацијата со 2.500,00 денари.

За поддршка на непредвидени спортски манифестации во текот на 2021 година, Општина Велес издвои вкупно 9.000,00 денари за обезбедување на озвучувањето за потребите на хуманитарниот турнир во мал фудбал и за Ендуро трката, дел од шампионатот за 2021 година.

Детално образложение по проекти и активности во делот II. Поддршка на спортски сојузи:

Општина Велес континуирано обезбедува поддршка и за активностите на спортските сојузи. Во текот на 2021 година, финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари беше обезбедена за поддршка на активностите на Сојузот на училишен спорт, додека пак 219.000,00 денари беа обезбедени за поддршка на активностите на Општинскиот фудбалски сојуз.

За организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица, Општина Велес обезбеди вкупно 73.000,00 денари.

Детално образложение по проекти и активности во делот III. Поддршка на спортот во градот:

Во ставката Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти, издвоена е финансиска поддршка за спортските клубови во вкупен износ од 1.683.300,00 денари. Додека пак за поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти, издвоени се вкупно 323.500,00 денари.

Од овој дел на Програмата, финансиски средства во износ од 280.000,00 денари се издвоени за поддршка на Градскиот одбојкарски клуб „Борец", 140.000,00 денари за Кошаркарскиот клуб „Борец Баскет", исто толку и за Градскиот ракометен клуб „Борец" АД Велес.

Додека пак за поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри, Општина Велес во текот на 2021 година, издвои 21.111,00 денари.

Детално образложение по проекти и активности во делот IV. Инвестиции:

Од овој дел, финансиски средства со износ од 18.889,00 денари беа издвоени за реконструкција на соблекувалните на фудбалското игралиште во с. Башино село.

Додека пак за реконструкција на објект во функција на фудбалското игралиште во населба Превалец, беа издвоени финансиски средства во износ од 628.626,00 денари.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2021 година изнесува 3.831.426,00 денари или 72.42%.

Програма за активностите за поддршка на граѓанскиот сектор во 2021 година

Општина Велес за Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2021 година предвиде финансиски средства во износ од 1.800.000,00 денари. Програмата беше донесена во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ.

Во делот на програмата за Учество во реализација на проекти со граѓански организации (според утврдена листа на одобрени апликации), издвоени беа вкупно 514.600,00 денари. Оваа ставка се реализира со финансиска поддршка за реализација на проектни активности на граѓански организации кои имаат доставено пријава на Годишниот конкурс за финансирање проекти од програмите за активностите на Општина Велес со точно утврдени критериуми за аплицирање на конкурсот од страна на граѓанските организации. Поради актуелната состојба со Ковид-19 пандемијата, дел од активностите беа одложени, дел откажани, а оние кои се реализираа беа организирани согласно објавените мерки и протоколи од страна на Комисијата за заштита од заразни болести, со цел заштита и спречување на ширење на Ковид-19.

Во делот за Поддршка на програмски активности на граѓански организации беа реализирани вкупно 90.000,00 денари.

Додека пак, во делот за учество во партнерски проекти, во текот на 2021 година, Општина Велес издвои финансиски средства во износ од 130.000,00 денари.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2021 година изнесува 734.600,00 денари или 40.81%.

Програма за активностите во областа на социјалната заштита

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2021 година, е димензионирана на 3.550.000,00 денари. Програмата донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година не претрпе измени. Средствата во програмата се распределени на:Социјална поддршка на заедницата, Социјални услуги, Општина по мерка на детето, Имплементација на стратешки документи, Соработка со институции и НВО, Меѓуопштинска соработка и Инвестиции. Програмата за социјална заштита ги опфаќа сите ранливи категори со цел да им се подобри квалитетот на живот и да се овозможи социјална сигурност и инклузивност.

Во делот на Социјална поддршка на заедницата реализација има по следните ставки: Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства реализирана е во целост односно 550.033,00 денари. Парична помош доделена е на 95 лица, како финансиска поддршка за покривање на дел од трошоците за лекување и покривање на дел од трошоците за егзистенцијални потреби. Оваа ставка се реализира по пристигнати барања од граѓани кои имаат потреба од парична помош, ги разгледува Комисија за доделување средства од буџетот на Општина Велес по програмата за активностите на Општина Велес од областа на социјалната заштита. Комисијата работи по Правилник и Криртериуми за доделување на средства од буџетот на Општина Велес по програмата за активностите на Општина Велес од областа на социјалната заштита.

Поддршка на лица жртви на семејно насилство реализирана е со 48.000,00 денари. Оваа ставка може да се реализира во соработка со Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Велес, од причина што како

институција ги имаат овие податоци, со доставен список на лица на кои им е потребна оваа поддршка. Во 2021 година подржани се 8 лица жртви на семејно насилство.

И во 2021 година од оваа програма дадена е поддршка на деца без родители и родителска грижа. На 24 деца без родители и родителска грижа им е доделени финансиска помош на трансакциска сметка на старателите, по доставен список од страна на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа –Велес. Реализирани се 50.000,00 денари.

Задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. Затоа во програмата предвидени се активности Социјални услуги кои се ориентирани кон остварување на развојни и социјализаторски задачи.

Законот за социјалната заштита овозможува вклучување на ГО посебно во делот на испорака на социјални услуги, но во исто време воведува и лиценциран систем на даватели на услуги т.е провајдери.

Во 2021 година, Општинска Организација на Црвен крст – Велес и Здружение на лица со церебрална парализа и други попреченості се регистрирани провајдери /даватели на социјални услуги, за услугите: услуги во домот и лична асистенција. (со Решение од МТСП и објавено во Регисерот на МТСП). За испораката на овие услуги се уште нема лиценцирани лица кои ќе ја испорачуваат оваа услуга.

Општина Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски за родова рамноправност со сопствени средства од буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на Оперативниот план за еднакви можности и годишните програми. Организација на жени – Велес, во рамките на кампањата 16 дена активизам – борба против семејно насилство реализирани се повеќе активности, со финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари, и 40.000,00 денари за реализација на проект „Активирај се, кандидирај се“.

Приоритет и во 2021 година е одржување на адаптираното возило за инвалидни лица на Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет МОБИЛНОСТ – Велес, во возна состојба. Адаптираното возило е донација од Дрекслмајер, на ЗГ „Мобилност“ а истото го користат сите здруженија на инвалидни лица во локалната заедница издвоени се 50.000,00 денари.

Со склучен договор помеѓу Општина Велес, Агенција за вработување на РСМ и УНДП се имплементираат проектни активности (образовен асистент) преку Програмата „Општинско - корисна работа“ која е дел од поголемиот проект за оддржливи вработувања и се спроведува во соработка со средните општински училишта врз основа на потпишан Меморандум за соработка. Ангажирани се 4 невработени лица како образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои даваат поддршка на ученици со посебни образовни потреби во текот на наставниот процес, за полесно и подобро совладување на наставната програма.Средствата за образовните асистенти се обезбедени од УНДП во висина од 259.200,00 денари, а Општина Велес учествува со кофинансирање во висина од 64.800,00 денари.

Она што ја одбележи 2021 година, е апликацијата на Општина Велес, на повик од страна на ЗЕЛС, за „Социјално мапирање на ранливите лица – алатка за креирање на политики засновани на докази“, како проектна активност во рамки на

Проектот „Регионално учење за имплементација на Агенда 2030 во Југоисточна Европа“. Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС го имплемнтира во соработка со NALAS, Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа, а поддржан од GIZ, Германското друштво за меѓународна соработка. Четири општини ја добија можноста за спроведување на методологија за социјално мапирање на ранливи лица во локалната заедница да го изврши истражувачка агенција, со цел интегрирање на податоци за социјално загрозени групи во процесот на планирање и донесување одлуки во домен на социјална заштита.

Мапирањето во Општина Велес го изврши истражувачка агенција „Стратум РиД ДООЕЛ Скопје“. Резултатите од спроведеното мапирање беа презентирани на 21 септември 2021 во Општина Велес.

Во 2021 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита изнесува 32,67 %. или 1.159.924 ,00 денари.

Програма за активностите во областа на социјалната заштита

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2021 година, е димензионирана на 5.600.000,00 денари, донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година програмата немаше измена.

Средствата во програмата се распределени на: Превентивна здравствена заштита; Општи мерки за заштита на населението од заразни болести; Промоција и едукација; Меѓуинституционална соработка; Бездомни животни. Во делот Општи мерки за заштита на населението од заразни болести согласно законските прописи општината спроведува дератизација дезинфекција и дезинсекција на јавни површини.

Во делот Превентивна здравствена заштита, реализирани се здравствени и санитарни прегледи на вработени во образование исплатени се 920.050,00 денари. За здравствени прегледи на вработени во општинска администрација реализирани се 62.400,00 денари и за здравствени прегледи на вработени во ТППЕ реализирани се 46.600,00 денари.

Преземени се мерки за здравствената заштита и извршена е редовна пролетна и есенска дератизација, дезинфекција и дезинсекција на јавните површини и објекти во општина Велес, за што реализирани се 507.419,00 денари.

Спроведувањето на ларвицидно третирање против комарци како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, започна со реализацијата на 30.03.2021 година во раните утрински часови. Третирањето го извршуваше ЈЗУ - Центар за Јавно здравје – Велес. Третирани се 7 хектари површина. Активностите беа спроведувани на Езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од Градскиот парк до делот на УЗ „Димче Мирчев“ па сé до реонот на „Долни Дуќани“. Третманот се изврши со препаратот „Биопрен“ кој е безбеден за граѓаните и се наоѓа на листата на биоцидни производи на Министерството за здравство. Активностите се извршуваа 13 дена, потрошени се 94.997,00 денари.

Третирањето против возрасни форми на комарци се изврши авионски во три наврати: на 10 мај 2021 година, прва аеросолна дезинсекција; на 26 јуни 2021 година, втора аеросолна дезинсекција; на 07 август 2021 година, трета аеросолна дезинсекција; од предвидени 1.500.000,00 денари реализирани 1.497.418,00 денари.

Со третирањето опфатена е површина од 2000 хектари. Третирани се: езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од север од с.Башино

Село низ Велес, се до вливот на реката Бабуна и с.Горно Караслари. На запад границата започнува од населбата Превалец, преку населбата Керамидна кон фабриката „Киро Ќучук“ и с.Горно Оризари.

Со третирањето опфатено е целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег.

По спроведена постапка за извршување на овие активностите избран е операторот Друштво за авио услуги ДООЕЛ „Бониер“, а надзорот го изврши ЈЗУ Центар за Јавно здравје – Велес. Третманот се изврши со средство Ciceron 2.0 ulv, производ од BioGenesis, Belgrad Srbija, кој се разредува со растително масло. Одобрено од Министерството за здравство на Република Северна Македонија, број на решение 19-110/2 од 07.03.2017 година и измена на решение број (19-188/1 од 7.02.2020 година).

Во делот на Бездомни животни во 2021 година, заловени и медицински се третирани 86 бездомни кучиња, 10 се вдомени, 4 кучиња се еутанизирани, реализирани се 1.018.606,00 денари.

За заловување и стручен третман на бездомни кучиња скитници и нерегистрирани кучиња, Општина Велес за 2021 година склучи договор со: Занаетчија пансион за кучиња ГИОВСКИ ТИМ. (договор бр.05-450/8 од 01.03.2021 година).

До Занаетчија пансион за кучиња ГИОВСКИ ТИМ, издадени се следните налози за работа:

1.Налог бр.08-60/1 од 05.01.2021 година, за заловување на 26 кучиња скитници на територија на Општина Велес и зависно од потребите вршење на понатамошен медицински третман на заловените кучиња. Активностите беа насочени кон: Маркет „Туш“, окулу „Брако“, окулу „Симпо“, УЗУС, ул.„Никола Карев“.

2.Налог бр.08-60/2 од 15.03.2021 година, за заловување на 20 кучиња скитници на територија на градот Велес и зависно од потребите вршење на понатамошен медицински третман на заловените кучиња. Активностите беа насочени кон: фонтана „Авона“, пабот кај поранешен Офицерски дом, Ликовен салон, централно градско подрачје (од јаворот до маркет „Жито“).

3.Налог бр.08-60/3 од 04.05.2021 година за заловување на кучиња 20 скитници на територија на градот Велес и зависно од потребите вршење на понатамошен медицински третман на заловените кучиња. Активностите беа насочени кон:Стар мост, Градски пазар, Мало мовче, Автобуска станица, Нов мост.

4.Налог бр.08-60/4 од 03.08.2021 година, за заловување на 20 кучиња скитници на територија на градот Велес и зависно од потребите вршење на понатамошен медицински третман на заловените кучиња. Активностите беа насочени кон: улица „Благој Ѓорев“, окулу станбените згради наспроти Гимназија, Младински парк, пристап до Општа Болница Велес, пристап до ЈЗУ Здравен дом Велес, пристап до железничка станица Велес.

Финансиските средства се реализирани за:

Заловување, идентификација и евиденција - 89.600,00 денари.
Транспорт заради медицински третман - 47.760,00 денари.
Лабараториско испитување од заразни болести и вакцинација - 71.680,00 денари.
Овариохистеректомија и орхиектомија - 172.840,00 денари.
Обележување со микрочип - 11.210,00 денари.
Престој во прифатилиште по куче од ден - 620.500,00 денари.
Еутаназија - 5.016,00.

Сите заловени кучиња клинички се прегледани, стерилизирани односно извршена е овариохистеректомија и орхиектомија, извршено лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното

законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоаза, вакцинирани се против беснило, обележани се со микрочип и ушна марка. По целокупниот третман кучињата се вратени на местото на заловувањето согласно законските прописи.

Реализирани финансиски средства од програмата за здравствена заштита се 4.147.490,00 денари или 74 %.

W – Противпожарна заштита

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде 25 пожарникари,денес се вкупно 30 пожарникари.

Во согласност со Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ“ бр.67/04. 55/13), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес.

Противпожарната заштита е реализирана со 81,57 %,од кои за плати и надоместоци од плати се реализирани 15.915.324,00 денари, додека за стоки и услуги (комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поправки и редовно одржување на возилата, регистрација на возилата) 2.666.977,00 денари. Во текот на 2021 година за набавка на опрема се потрошени се 494.491,00 денари .

Извршена е набавка на дел од потребната униформа, обувки и заштитна опрема на пожарникарите потребна при гаснење на пожар, а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидатподготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат. Во текот на 2021 година имаат 295 интервенции.Меѓутоа, и покрај се, вработените во ТППЕ Велес успеваат успешно да ги извршуваат своите работни обврски.

Детален извештај за трошење на буџетската резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма А0 - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 2.250.000 денари и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 550.000 денари, во 2021 година вкупно се потрошени 637.723 денари и тоа 172.723 од програма А0-Совет на општина Велес и 465.000 од програма-Д0-Градоначалник.

• Тековни резерви

Програма А0-Совет на Општина

1.Исплатени 60.000 ден. на име помош за опожарен објект Глобал - Струмица

2. Исплатени 29.723 денари за набавка на заштитни средства за корона вирус, заштитни маски, алкохол, гелови за дезинфекција, како и средства за дезинфекција за потребите на ОИК за локалните избори.

3. Исплатени 65.000 ден. за лекување на:

Мицев Трпко 15.000 денари
Шпетакова Емилија 20.000 денари
Јованова Марина 30.000 денари

4.Исплатени 18.000 ден. на Миланова Ангела за егзистенцијални потреби.

Вкупно од Програмата А0- Совет на Општина од контото 413110-Тековни резерви (разновидни трошоци) се потрошени вкупно **172.723** денари.

Програма Д0-градоначалник

Име и презиме	Смрт на член на потесно семејство
Славица Петрова	15.000
Снежана Иванова	15.000
Аца Анчевски	15.000
Снежана Стефановска	15.000
Александра Јавашева	15.000
Невенка Петрушевска	15.000
Тодор Поп Андов	15.000
Тодорче Поп Златанов	15.000
Лидија Ѓурова	15.000
Елица Љуткова	15.000
Роска Петрова	15.000
Тања Индова	15.000
Далиборка Тосева	15.000
Еленче Тевчева	15.000
Славица Переска	15.000
Еленче Тевчева	15.000
Тони Јованов	15.000
Јасна Трајковска	15.000
Сузана Николова	15.000
Бошко Петрушевски	15.000
Аце Темелковски	15.000
Зорица Арсовска	15.000
Билјана Димчиковска	15.000
Ненад Мазнев	15.000
Гордана Анчева	15.000
Нада Јованова	15.000
Тони Митковски	15.000
Вкупно	**405.000**

Име и презиме	Смрт на вработен
Мартин Мецановски	30.000
Марјанчо Мишевски	30.000
Вкупно	**60.000**

Од тековни резерви програма До- Градоначалник од контото 413110-Тековни резерви(разновидни расходи) - за смрт на член на потесно семејство се исплатени средства во износ од 405.000 денари и за смрт на вработени во буџетските установи се исплатени 60.000 денари.или вкупно се исплатени **465.000** денари.

ИЗЈАВА ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Општина Велес води целосна и комплетирана, навремена ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и дргите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово и материјално работење за деловната 2021 год. е засновано на веродостојни документи-влезни и излезни ,кои се предмет на книжење во главната книга.

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезор се засновани на спецификации согласно упатството за начинот на трезорско работење ,како и договори согласно законот за јавни набавки.

Сите извештаи согласно законските прописи се потполни, точни и навремено доставени до надлежните институции .

Одговорен сметководител

Будимка Бошкова

Вид.раб.	Идентификационен број	Период	Контролор	Резервни кодекси
1 2 3	4 5 6 7 8 9 10 11		12 13 14 15 16	17 18 19 20 21 22 23 24 25 26
	0 6 0 1 7 2 8 2		7 1 1 0 1 4	1 0 0 9 6 3 0 1 0

Назив на субјектот- БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Единствен даночен број 4004004117638 **тел.072/245 437**

(Буџет - фонд)

ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во текот на годината - Биланс на приходите и расходите

од 1 јануари до 31.12. 2021 година

(во денари)

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
				Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5	6
		РАСХОДИ: **I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ** (002+ 007+012+020+024+029+033+039)	001	*152.440.545*	*176.383.467*
		а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (од 003 до 006)	002	*40.309.843*	*46.040.263*
1.	401	Основни плати	003	*25.571.841*	*28.447.228*
2.	402	Придонеси за социјално осигурување	004	*9.594.816*	*10.800.042*
3.	403	Останати придонеси од плати	005		
4.	404	Надоместоци	006	*5.143.186*	*6.792.993*
		б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ (од 008 до 011)	007	*1.644.066*	*637.723*
5.	411	Финансирање на нови програми и потпрограми	008		
6.	412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	009		
7.	413	Тековни резерви (разновидни расходи)	010	*1.644.066*	*637.723*
8.	414	Резерви за капитални расходи	011		
		в) СТОКИ И УСЛУГИ (од 013 до 019)	012	*59.272.183*	*67.219.699*
9.	420	Патни и дневни расходи	013	*78.716*	*132.922*
10.	421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	014	*25.618.788*	*31.631.768*
11.	423	Материјали и ситен инвентар	015	*2.836.190*	*2.780.209*
12.	424	Поправки и тековно одржување	016	*18.263.752*	*21.721.073*
13.	425	Договорни услуги	017	*3.824.585*	*3.415.150*
14.	426	Други тековни расходи	018	*5.606.581*	*5.872.068*
15.	427	Привремени вработувања	019	*3.043.571*	*1,666.509*

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
				Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5	6
		г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ (од 021 до 023)	020		
16.	431	Трансфери до Фондот за ПИОМ	021		
17.	432	Трансфери до Агенцијата за вработување	022		
18.	433	Трансфери до Фондот за здравствено осигурување	023		
		д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028)	024		
19.	441	Дотации од ДДВ	025		
20.	442	Наменски дотации	026		
21.	443	Блок дотации	027		
22.	444	Дотации за делегирани пооделни надлежности	028		
		ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032)	029	3.730	2.469
23.	451	Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори	030		
24.	452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	031	3.730	2.469
25.	453	Каматни плаќања кон други нивоа на власт	032		
		е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038)	033	*50.697.723*	*61.983.313*
26.	461	Субвенции за јавни претпријатија	034		
27.	462	Субвенции за приватни претпријатија	035		
28.	463	Трансфери до невладини организации	036	*3.052.300*	*3.288.900*
29.	464	Разни трансфери	037	*47.645.423*	*58.694,413*
30.	465	Исплати по извршни исправи	038		
		ж) СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043)	039	*513.000*	*500.000*
31.	471	Социјални надоместоци	040	*513.000*	*500.000*
32.	472	Плаќања на бенефиции од Пензискиот фонд	041		
33.	473	Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување	042		
34.	474	Плаќање на надоместоци од фондот за здравствено осигурување	043		
		II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ (045 до 054)	044	*82.077.292*	*92.023.618*
35.	480	Купување на опрема и машини	045	*11.811.605*	*7.138.890*
36.	481	Градежни објекти	046		
37.	482	Други градежни објекти	047	*68.144.725*	*81.872.269*
38.	483	Купување на мебел	048		
39.	484	Стратешки стоки и други резерви	049		

Ред. бр.	Група на сметки или сметка конта	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП		Тековна година
1	2	3	4		6
40.	485	Вложувања и нефинансиски средства	050	2.120.962	3.012.459
41.	486	Купување на возила	051		
42.	487	Капитални трансфери до вонбуџетски фондови	052		
43.	488	Капитални дотации до ЕЛС	053		
44.	489	Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации	054		
		III. ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА (од 056 до 058)	055	8.297.558	8.297.558
45.	491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	056	8.297.558	8.297.558
46.	492	Отплата на главнина кон домашни институции	057		
47.	493	Отплата на главнина до други нивоа на власт	058		
		А. ВКУПНО РАСХОДИ (001 + 044 + 055)	059	242.815.395	276.704.643
		Б. ВИШОК НА ПРИХОДИ (097 минус 059)	060	10.991.233	9.631.575
		В.ВКУПНО (059 + 060) = 099	0 61	253.806.628	286.336.218
		ПРИХОДИ: **I. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** (од 063 до 070)	062	126.529.896	143.900.942
48.	711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	063	12.995.464	11.277.395
49.	712	Придонеси за социјално осигурување	064		
50.	713	Даноци на имот	065	30.066.639	49.071.129
51.	714	Домашни даноци на стоки и услуги	066		
52.	715	Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки)	067		
53.	716	Еднократни посебни такси	068		
54.	717	Даноци на специфични услуги	069	77.507.125	78.883.071
55.	718	Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	070	5.960.668	4.669.347
		II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ (од 072 до 076)	071	4.955.028	9.551.336
56.	721	Претприемачки приход и приход од имот	072		
57.	722	Глоби, судски и административни такси	073	1.010.248	1.304.779
58.	723	Такси и надоместоци	074	887.712	837.918
59.	724	Други владини услуги	075		
60.	725	Други неданочни приходи	076	3.057.068	7.408.639
		III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ (од 078 до 081)	077	14.495.852	16.836.465

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП		Тековна година
1	2	3	4		6
61.	731	Продажба на капитални средства	078		
62.	732	Продажба на стоки	079		
63.	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	080	*14.495.852*	*16.836.465*
64.	734	Приходи од дивиденди	081		
		IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (од 083 до 086)	082	*107.825.852*	*116.047.475*
65.	741	Трансфери од други нивоа на власт	083	*107.825.852*	*115.910.392*
66.	742	Донации од странство	084		*137.083*
67.	743	Капитални донации	085		
68.	744	Тековни донации	086		
		V. ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ (од 088 до 090)	087		
69.	751	Краткорочни позајмици од земјата	088		
70.	753	Долгорочни обврзници	089		
71.	754	Друго домашно задолжување	090		
		VI. ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО (од 092 до 094)	091		
72.	761	Меѓународни развојни агенции	092		
73.	762	Странски влади	093		
74.	769	Други задолжувања во странство	094		
75.	771	**VII. ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** Продажба на хартии од вредност	095		
76.	781	**VIII. ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** Приходи од наплатени дадени заеми	096		
		А. ВКУПНО ПРИХОДИ (062+071+077+082+087+091+095+096)	097	*253.806.628*	*286.336.218*
77.	890	**Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ** (059 минус 097)	098		
		В. ВКУПНО (097 + 098) = 061	099	*253.806.628*	*286.336.218*
		Г. РАСПРЕДЕЛБА НА ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ (од 101 до 104)	100	*10.991.233*	*9.631.575*
78.	820	а) Дел од вишокот на приходите за постојаната буџетска резерва	101		
79.	821	б) Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година	102	*10.991.233*	*9.631.575*
80.	822	в) Дел од вишокот за зголемување на државниот капитал	103		
81.	825	г) Дел од вишокот на приходите за други намени	104		

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП		Тековна година
1	2	3	4		6
82.	800	**Д. ВИШОК НА ПРИХОДИ** (105 = 060 = 100) **Ѓ. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И НИВНО ПОКРИВАЊЕ** (од 107 до 109)	105 106	*10.991.233*	*9.631.575*
83.		а) Покривање на расходите без обврска за враќање	107		
84.		б) Покривање на расходите со обврска за враќање	108		
85.		в) Непокриени расходи	109		
86.		**Е. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**: Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број)	110		

Во Велес

На ден .02.2022

Лице одговорно за составување на билансот

Раководител

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

Вид.раб. (1 2 3)	Период	Идентификационен број (4 5 6 7 8 9 10 11)	Контролор	Резервни кодекси (12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26)
		0 6 0 1 7 2	8 2	7 1 1 0 1 4 1 0 0 9 6 3 0 1 0

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

(Буџет - фонд)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

На ден 31.12. 2021 година

(во денари)

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
				Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5	6
		А. АКТИВА **I. Парични средства и побарувања** 10) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (122 до 129)	121	*10.991.233*	*9.631.575*
1.	100	Сметка	122	*10.991.233*	*9.631.575*
2.	101	Благајна	123		
3.	102	Отворени акредитиви	124		
4.	103	Девизна сметка	125		
5.	104	Издвоени парични средства	126		
6.	105	Депозити	127		
7.	106	Преодна сметка	128		
8.	108	Други парични средства	129		
		11) ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (131+132+133 -134)	130		
9.	110	Чекови	131		
10.	111	Меници	132		
11.	112	Други хартии од вредност	133		
12.	115	Вредносно усогласување на хартии од вредност	134		
		12) ПОБАРУВАЊА (136+137+138+139+140 -141)	135	*131.162.372*	*116.860.400*
13.	120	Побарување од корисниците на буџетот	136		
14.	121	Побарување од корисниците на фондовите	137		
15.	122	Побарување од граѓани	138	*34.058.397*	*34.119.209*
16.	123	Побарување од странски субјекти	139		
17.	128	Други побарувања	140	*97.103.975*	*82.741.191*
18.	129	Вредносно усогласување на побарувањата	141		
		14) ПОБАРУВАЊА ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (143+144+145+146-147)	142		
19.	141	Побарувања за платен ДДВ и акцизи	143		
20.	142	Побарувања за платени царини и царински давачки	144		
21.	143	Побарувања за платени даноци и придонеси на исплати по договор на дело и авторско право	145		
22.	144	Побарувања за платени други даноци и придонеси	146		
23.	149	Вредносно усогласување на побарувања за даноци, придонеси и други давачки	147		

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
				Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5	6
		15) КРАТКОРОЧНИ ПЛАСМАНИ, КРЕДИТИРАЊЕ И ПОЗАЈМУВАЊЕ (149+150-151)	148		
24.	150	Краткорочни пласмани	149		
25.	158	Краткорочни кредити и позајмици	150		
26.	159	Вредносно усогласување на краткорочните пласмани, кредитирање и позајмување	151		
		16) ФИНАНСИСКИ И ПРЕСМЕТКОВНИ ОДНОСИ ВО РАМКИТЕ НА БУЏЕТОТ И ФОНДОВИТЕ (153+154+155-156)	152	2.316.607	2.316.607
27.	160	Меѓусебни побарувања во односите со буџетот и корисниците	153		
28.	161	Меѓусебни побарувања во односите со фондовите и корисниците	154	2.316.607	2.316.607
29.	165	Други меѓусебни побарувања во односите со Буџетот и фондовите	155		
30.	169	Вредносно усогласување на финансиските и пресметковни односи	156		
		19) АВР(158+159)	157	*35.539*	*113.218*
31.	196	Пренесен дел од вишокот на приходи од претходна година	158		
32.	198	Други активни временски разграничувања	159	*35.539*	*113.218*
		31-36) ЗАЛИХИ НА МАТЕРИЈАЛИ,РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (161+162+163+164-165)	160		
33.	310	Материјали на залиха	161		
34.	311	Резервни делови на залиха	162		
35.	360	Ситен инвентар на залиха	163		
36.	362	Ситен инвентар во употреба	164		
37.	317	Вредносно усогласување на залихите и 365	165		
		04) ДОЛГОРОЧНИ ПЛАСМАНИ (167+168+169)	166		
38.	040	Долгорочни депозити	167		
39.	045	Здружени станови станбени згради и деловен простор во јавното претпријатие за управување со становите и станбените згради и деловен простор	168		
40.	048	Други долгорочни пласмани	169		
		II. Капитални средства 00) КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (171+172+173+174+175+176)	170		
41.	000	Градежни објекти	171		
42.	001	Опрема	172		
43.	002	Повеќе годишни насади	173		
44.	003	Основно стадо	174		
45.	004	Други материјални средства	175		
46.	005	Аванси за капитални средства	176		
		АКУМУЛИРАНА АМОРТИЗАЦИЈА (178+179+180)	177		
47.	007	Акумулирана амортизација на градежните објекти	178		
48.	008	Акумулирана амортизација на опремата	179		
49.	009	Акумулирана амортизација на другите средства	180		

Ред. бр.	Група на сметки или сметка	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Износ	
				Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5	6
		01 и 02) ПРИРОДНИ БОГАТСТВА И ДРУГИ КАПИТАЛНИ ВЛОЖУВАЊА(182+183+184)	181		
50.	010	Земјишта	182		
51.	011	Шуми	183		
52.	020	Други капитални вложувања	184		
		03) МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА (186+187+188)	185		
53.	030	Инвестици во тек - градежни објекти	186		
54.	031	Инвестици во тек - опрема	187		
55.	032	Инвестици во тек - друго	188		
		09) ДРУГИ ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ЗАЕМИ И ДЕФИЦИТ НА БУЏЕТОТ (190+191+192)	189		
56.	090	Долгорочни кредити и заеми за потребите на буџетот на државата и фондовите	190		
57.	095	Дефицит на буџетите и фондовите	191		
58.	097	Покритие на дефицит на буџетите и фондовите	192		
		05) СРЕДСТВА ЗА ПОСТОЈАНА РЕЗЕРВА (194+195+196)	193		
